# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАВО НА ДОГОВОРИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОМЕТ" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ И АСС.ДОКТОРАНД М-Р АНЕТА СТОЈАНОВСКА-СТЕФАНОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр._202-575/18_ од 143. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на ден _4.12.2015__ година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје
- д-р Неда Петреска Ангеловска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис е-скрипта под наслов „**Право на договорите во меѓународниот промет**" од **авторите доц. д-р Драшко Атанасоски и асс.докторанд м-р Анета Стојановска-Стефанова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Со појавата и развојот на меѓународната размена и развојот на меѓународните стопански односи воопшто, од нивниот почеток до денешниот динамичен развој, склучувањето на договорите доживува сопствена трансформација, во што се огледа неисцрпната актуелност на оваа тема. Тоа е сосема логично од причини што на денешната развиеност на меѓународните економски односи одговара динамичен и современ начин на склучување и нормирање на истите, во споредба со првобитното бавно и полно со симболика договарање. Оттука, авторите се зафатиле со темелен пристап кон разработка на оваа материја со оглед на фактот дека постојат повеќе концепции за тоа што, всушност, претставува склучувањето на договор воопшто, односно склучување на договор со меѓународниот промет посебно. Истите можеме да ги поделиме во групи кои соодветствуваат на степенот на развојот на договорните односи.

Па така, според класичната концепција што има свој корен уште во римското право, договорот се склучува со согласност на волјата на договорните страни кои ја разменуваат својата согласност за предметот на договорот имајќи предвид определена заедничка цел. Со оглед на тоа, оваа концепција се заснова врз филозофијата на автономија на волјите.
Концепција за автономија на волјите на странките како основа за склучување на договори особено дошла до израз во времето на либералниот капитализам. Додека во периодот на монополскиот и државниот капитализам во областа на склучувањето на договорите доаѓа до своевидна „рестрикција на автономија на волјите", знаејќи дека во преден план се јавуваат економските законитости на капиталистичкото општество каде што биле „дозволени" сите форми кои го оправдуваат создавањето на профитот. Така, во тој период се говорело за постоење на трета волја т.н. „волјата на државата и волјата на економски силните компании" кај договорите во меѓународниот промет. На овој план во тој период особено се карактеристични типските и формулативните договори, како и создавање општи услови во договарањето. Во овој случај автономијата на волјата на странките се сведува

на тоа дали ќе ги прифатат или нема да ги прифатат услувите предвидени во типските и формулативните договори, односно општи услови.

Модерниот приод на развојот на договорните односи во меѓународниот промет донесува тренд на широка интервенција на државата (национално законодавство) во регулирањето на меѓународните договорни односи. Секоја држава во рамките на зацртаната и усвоена национална стопанска политика се труди да ги уреди стопанските текови со донесување мноштво позитивни прописи. Со таквите прописи таа силно влијае врз меѓународните договорни односи на своите стопански субјекти, односно врз можноста странски стопански субјекти да остваруваат договорни односи со домашните стопански компании.

Авторите бележат дека современото склучување на договорите во меѓународниот промет, воведе и современи начини во склучувањето на истите, како што се: развојот на новите средства за комуникација овозможи условите за склуување на голема просторна оддалеченост, склучување на договори меѓу странки кои воопшто не се познаваат, склучување на договори за разни видови на стоки на различен начин, прометот на барање на најповластен партнер од причини на развиеност на пазарот и големиот број на производи и производители и слично.

Сите претходно наведени карактеристики потребно е да се имаат во предвид при склучувањето на меѓународните договори во прометот. Присуството на странски елемент кај договорите во прометот има своја посебност на која стопанските субјекти мораат да обрнат и посебно внимание. Националните права на странките во договорите во меѓународниот промет се секогаш различни при што понапред изнесовме мора да се создаваат униформни правила, односно да се создава меѓународно право во оваа област. Натамошниот интерес на авторите е токму тој, да се проучи склучувањето на договорите во меѓународниот промет и нивното регулирање во националните законодавства, низ униформните правила, како и низ меѓународно-приватните правила.

Целта на овој труд е што потемелно да се прикажат односите на правото на договорите со другите правни дисциплини, изворите на меѓународното право, субјектите на меѓународното право, процесот на унификација, фазите на склучување на договорите во меѓународниот промет како правен инструмент во надворешно-трговското работење, но договорите ги користат во нивната практика. Трудот има посебна специфична тежина со оглед на тоа што е приспособен на поширoката и поразновидна публика на читатели. Истиот сигурно ќе предизвика интерес кај студентите кои ја изучуваат оваа материја во рамките на економските и правните студии, кај теоретичарите и кај практичарите кои се занимаваат со оваа проблематика, а особено кај субјектите од стопанството од надворешно-трговско работење.

Во контекст на горенаведеното, авторите обработуваат теми преку компаративен пристап за допирните точки кои правото на договорите во меѓунардниот промет ги има со други правни дисциплини, така што студентите ќе се стекнат со потемелни знаења од сферата на меѓународниот правен промет и ќе се оспособат за поефикасно извршување на конкретните задачи во реалноста.

Така, со соодветна обработка на проблематиките и значењето на меѓународните договори во денешно време, преку примери и разработка на клаузули, експликации за нивно решавање во случај на спор. Авторите на е-скриптата прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со причинско-последичните врски преку разработка на примери за правно надминување согласно востановените правила.

Е-скриптата е подготвена за потребите на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за студиската програма на Бизнис логистика, конкретно за предметот Договор за меѓународен промет во наставните центри во Скопје и Гевгелија каде овој предмет е застапен во V семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2.

**Податоци за обемот ракописот**

Проблематиката која е предмет на обработка во е-скриптата е претставена преку комапративен пристап на разработка на теории, правни искуства, примери, загатнување на актуелни теми прашања и одговори, во ракопис од вкупно 133 страници, во кои се содржани

и библиографски единици. Начинот на кој се поставени темите, цениме дека ќе помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Рецензентите немаат сознание дека постојат книги со ист наслов, имаат сознание за постоење на книги со сличен наслов. Но, иако на некои факултети во земјата има трудови со слични наслови, сепак впечатокот е дека студентите се запознаваат со материјата повеќе информативно и низ примери, а не суштински и низ актуелноста на современите меѓународни односи и регулативи, без детален приод во поглед на развојот на ндворешно-трговските односи на државите на билатерален и мултилатерален план, преку членставта во меѓународните организации, што е основа за ново критичко опсервирање на настаните во сферата меѓународниот промет во оваа е-скрипта. Овој недостаток, како и измените на законската регулатива и стекнатите обичајни практики во 21 век се дополнуваат со изборот на темите и начинот на обработката.

Со ваквиот пристап се прави чекор кон покомплексен приод на сферата на меѓународните односи и кон нејзината актуелност некогаш и денес, што резултира со сублимат на теории, практики и искуства. Впрочем, во тоа се содржи и оправдувањето да се одобри оваа скрипта.

**Краток опис на содржината**

Во првото поглавје на е-скриптата фокусот е насочен кон предметот на проучување на дисциплината право на договорите во меѓународниот промет, што има суштенствено значење за запознавање на состојбите во меѓунадорниот промет, како и за конкретното склучување на договорите.

Понатаму во следните поглавја од ракописот се приоѓа кон разработка: изворите на предметот, развојот на договорното право, начелата и принципите кои се применуваат кај меѓународните договорни односи, субјектите во меѓународниот промер, склучување договори во меѓународниот промет, решавањето на спорови по истите итн. Натаму, особено внимание ќе му биде посветено на создавањето на меѓународното договорно право, а во тие рамки особено создавањето на правото на договорите во меѓународниот промет, како неодминлив процес кој ги следи современите движења во меѓународната трговија.

Потребата од посебно проучување на правото на договорите во меѓународниот промет особено произлегува од фактот што развојот на светскиот пазар од ден во ден е сѐ поголема.

Договорите во меѓународниот промет за разлика од договорите во внатрешниот промет ги карактеризира елемент на страност кој е изразен во: субјектот на договорниот однос (договорните странки) во објектот на договорниот однос и во правата и обврските на договорените странки. Меѓународните договорни односи, односно договорите во меѓународниот промет, можат да се регулираат по пат на три видови правни правила и тоа: 1) Правилата на меѓународното приватно право, 2) Правилата на националното граѓанско, трговско, облигационо или друго национално право, кое е компетентно за тој вид на договор врз основа на правилата на меѓународното приватно право и 3) Униформни правила на меѓународното стопанско право. Збирот на сите тие правила кои служат за регулирање на односите кај договорите во меѓународниот промет го сочинуваат материјалното право на договорите во меѓународниот промет.

Во натамошниот текст на е-скриптата ќе стане збор и посебно и поопширно за сите видови на правни правила со кои се решаваат односите кај договорите во меѓународниот промет.

Правото на договорите во меѓународниот промет како правна дисциплина има допирни точки со другите правни дисциплини. Соодносот постои скоро со сите правни дисциплини со оглед на нивната поврзаност, блискост со материјата на регулирање и упатеноста една на друга дисциплина. Оваа правна дисциплина корелира со управното право, облигационото

право, царинското право, а особено со меѓународното стопанско право, меѓународното јавно и меѓународното приватно право и со севкушното домицилно право.

Е-скриптата се осврнува и на изворите на правото на договорите во меѓународен промет, кои се се делат на материјални и формални извори при што под материјални се подразбира волјата (волјите) на оние што се наоѓаат на власт, а под формални извори волјата на властодрштите, институционализирана во конкретен закон или друг позитивен пропис. Во таа смисла, под материјални извори на правото на договорите во меѓународниот промет ја подразбираме волјата на оние што се на власт за овозможување, создавање услови за склучување договори во меѓународниот промет по квантитет и квалитет, а формални извори се оние конкретни позитивни прописи врз основа на кои може да се дојде до склучување на конкретни договори во меѓународниот промет. Изворите основно може да ги поделиме на општи и посебни извори на правото на договорите во меѓународниот промет. Во општите извори спаѓаат оние кои по својот претежен карактер спаѓаат во меѓународното јавно, меѓународното приватно и домашното законодавство, а кои решаваат и прашања од областа на договорите во меѓународниот промет, како и сите општи извори кои исклучително ги третираат прашањата на меѓународното стопанско право и Правото на договорите во меѓународниот промет. Во посебните извори влегуваат сите општи извори кои исклучително третираат прашања на правото на договорите во меѓународниот промет, односно ги регулираат меѓународните економски односи и создаваат правни претпоставки за непосредно регулирање на меѓународните економски односи. Меѓународните односи, меѓу кои особено меѓународните економски односи, меѓународните политички односи ми меѓународната поделба на трудот претставуваат база и причина за развој на меѓународните договорни односи и Правото на договорите во меѓународниот промет, токму затоа авторите понатаму во ракописот се задржале поодделно на секој од нив.

Понатаму во трудот се прикажани критериумите кои ја определуваат формата и критериумите кои ја определуваат содржината на договорите во меѓународниот промет кои се користат како точки на врзување. Авторите даваат осврт и на отстапувањето од примена на странско материјално право кое е правен институт со кој на судот, односно на органот кој постапува во регулирање или разрешавање на правен однос во врска со конкретен договор во меѓународниот промет му се дава овластување да ја одбие примената на странскиот закон, на кој упатува домашната колизиона норма поради неприфатливоста на содржината на законот и негова инкомпатабилност со домашниот правен систем. Институтот отстапување од примена на странско материјално право се разгледува низ формите на меѓународниот јавен поредок, изигрувањето на законот и установата упатување.

Колку повеќе се развивала меѓународната трговија толку повеќе се јавувала потребата од создавање на општи услови за работењето и создавање право на договорите во меѓународниот промет, односно право на меѓународната трговија. Така, паралелно со тој процес, постепено и спонтано се создавале обичаите, општите услови за работа, типските и формуларни договори, се создавало едно посебно унифицирано право кое ќе ги кодифицира активностите во меѓународната трговија. Ова право кое го создавала практиката на субјектите, договорни странки во меѓународниот промет, правната теорија го нарекува автономно право на меѓународната трговија, автономно право на договорите во меѓународниот промет (автономно во однос на посебните, државните, национални права).

Во текстот се посветува особено внимание на прашањето на унификацијата на правните норми на меѓународната трговија, која се констатира, познава два основни видиви на унификација, односно создавање на право на договорите во меѓународниот промет: 1) Унификација односно создавање право на договорите во меѓународниот промет како производ на практиката во меѓународната трговија- спонтана унификација и 2) Унификација, односно создавање право на договорите во меѓународниот промет со организирана акција на меѓународните форуми- званична унификација. Со оглед на значењето на унификацијата на правните норми во областа на меѓународната трговија и посебно кај договорите во меѓународниот промет, натаму подетеално се елаборирани и двата основни видови на создавање право на договорите во меѓународниот промет, односно унификацијата и нејзините подвидови.

Значењето на споменатите видови на кодификации е од особена важност за правото на договорите во меѓународниот промет, и истите се детално разработени со цел полесно да ги разберат студентите за кого е наменета е-скриптата.

Ракописот посветува внимание и на меѓународните организации од општ карактер субјекти кај договорите во меѓународниот промет, со посебен осврт на: Организацијата на обединетите нации; Меѓународната банка за обнова и развој; Меѓународниот монетарен фонд; Меѓународната финансиска корпорација; Меѓународното здружение за развој и Меѓународната унија за заштита на индустриската сопственост.

## З А К Л У Ч О К

Значајноста на трудот на д-р Атанасоски и м-р Стојановска-Стефанова се огледа во темелноста и сеопфатноста на значајноста на правото на договорите во меѓународниот промет.

Договорите во меѓународниот промет не би можеле да се реализираат без постоење на збир на правни правила и предметот на овие договори би бил целосно беспредметен.

Со други зборови, експозивниот развој на индустријата во светот, ги наметна потребите од што поголема соработка на субјектите во меѓународниот промет. Националните пазари на државите станаа претесни како рамки на пласман на се поголемиот број на производи по квантитет и квалитет. Од друга страна, неможноста секоја земја за себе,за својата национална економија да ги задоволи потребите од сите ресурси,исто така ја обусловува потребата од меѓународна стопанска соработка и тесна примена на правото на договорите во меѓународниот промет.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му го предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика е-скриптата со наслов „Право на договорите од меѓународниот промет" од д-р Драшко Атанасоски и м-р Анета Стојановска-Стефанова да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**
**Д-р Неда Петреска Ангеловска, вонреден професор на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**